**ЗАКЛУЧОЦИ**
**усвоени на**
**осмиот состанок**
**на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржан на 23.03.2015**

**<u>Душко Ивановски v. РМ (А. бр. 10718/05) од 24 април 2014</u>**

1. Се препорачува Врховниот суд на РМ да ја разгледа можноста за усвојување на став/ мислење во однос на прашањата за можноста обвинетиот во текот на главниот претрес да предлага алтернативно вештачење по сопствен избор, и за тоа, преку Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП, да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во рок од 60 дена.

2. Се препорачува на Комисијата која работи на измени и дополнување на ЗКП при подготовката на измените да ја има предвид пресудата на ЕСЧП во случајот Душко Ивановски v. РМ, при што во ЗКП јасно би се дефинирало правото да се бара алтеранативно вештачење од страна на обвинетиот/ осомничениот.

**<u>Атанасов v. РМ (А.бр.22745/06) од 17 февруари 2011</u>**

1. Се препорачува Врховниот суд на РМ да ја разгледа можноста за усвојување на став/ мислење во однос на обврската на повисоките судови при одржување на седница кога се решава по жалба или вонреден правен лек во случај на повикување на обвинителот, да се повика и обвинетиот со цел да се запази принципот на еднаквост на оружјата и за тоа преку Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во рок од 60 дена.

2. Се препорачува на Комисијата која работи на измени и дополнување на ЗКП при подготовката на измените да ја има предвид пресудата на ЕСЧП во случајот Атанасов v. РМ, при што во ЗКП јасно би се дефинирала обврската за задолжително повикување на обвинетиот во случај на повикување на обвинителот, секогаш кога повисоките судови одлучуваат по правните лекови на седница.

**<u>Атанасов v. РМ бр. 2 (А. бр. 41188/06) од 19 април 2011</u>**

1. Основниот суд Скопје I Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 30 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП,

во однос на тоа дали апликантот поднел предлог за повторување на кривичната постапка во однос на која ЕСЧП со пресудата Атанасов v. РМ бр. 2 констатираше повреда на ЕКЧП, како и за евентуалната одлука во однос на таквиот предлог, која пропратно треба да биде доставена во фотокопија.

2. Се препорачува на Комисијата која работи на измени и дополнување на ЗКП при подготовката на измените да ја има предвид пресудата на ЕСЧП во случајот Атанасов v. РМ бр. 2, при што во ЗКП да се предвиди дека домашна пресуда несмее да се темели во одлучувачки или претежен дел на изјава на сведок кој одбраната немала можност усно да го распита во контрадикторна постапка.

**Чангов v. РМ (А. бр. 14419/03) од 24 февруари 2011**

1. Основниот суд Скопје II Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 30 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, за тоа во која фаза се наоѓа извршната постапка на апликантот И.бр. 1044/95.

**Чамински v. РМ (А. бр. 1194/04) од 24 февруари 2011**

1. Основниот суд Скопје II Скопје преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 30 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП, за тоа во која фаза се наоѓа парничната постапка за оштета иницирана од страна на апликантот против осудените.

**Стојановски и др. v. РМ (А. бр.14174/09) од 23 октомври 2014**

1. Управниот суд преку Министерство за правда -Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од 30 дена да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, а во функција на следење на процесот на извршување на пресудата на ЕСЧП. за тоа дали апликантите поднеле предлог за повторување на постапката, а врз основа на пресудата на ЕСЧП.

2. Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП заклучи да се разгледа можноста за спогодбено решавање на барањето за материјално обештетување на жалителите на начин што би им се доделило во сопственост друго земјиште од ист вид во сопственост на РМ.

3. Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП заклучи за следниот состанок на истата да се повикаат претставници од Државното правобранителство на РМ, Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за Општина Кисела Вода, Комисијата за одредување на видот на надоместокот во постапката на обештетување во процесот на денационализација, Агенцијата за катастар на недвижности на РМ и Министерството за финасии, со цел понатамошно разгледување на можноста за спогодбено решавање на барањето за материјално обештетување на жалителите на начин што би им се доделило во сопственост друго земјиште од ист вид во сопственост на РМ.

В.Д. Директор на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
d-r Adnan Jashari